**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**UNIVERSITY "ST. KLIMENT OHRIDSKI" – BITOLA**
**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**

MQS Partner of Quality Austria ISO 9001:2015

Булевар 1ви Мај бб - 7000 Битола +389 (0)47 223-788 +389 (0)47 223-192 Факс:+389 (0)47 223-594
Bulevar 1vi Maj bb - 7000 Bitola +389 (0)47 223-788 +389 (0)47 223-192 Fax: +389 (0)47 223-594
**www.uklo.edu.mk**
rektorat@uklo.edu.mk

EVALUATED BY IEP EUA-Institutional Evaluation Programme www.iep-qaa.org

Бр.
22.11.2022
Битола

**Втор повик за**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА СТУДЕНТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**„ОД СТУДЕНТИТЕ НА УКЛО ЗА ОПШТЕСТВОТО"**

**21 декември 2022 г.**

**СТУДЕНТСКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**

Почитувани,

Со цел да добиеме повеќе и подобри студентски трудови во рамки на планираната **Универзитетска студентска конференција**, пожелно е секоја од единиците на УКЛО да ги мотивира студентите со организирање факултетски студентски собир/трибина/работилница и сл./по примерот од Техничкиот факултет :https://uklo.edu.mk/blog/odrzana-treta-fakultetska-konferencija/?fbclid=IwAR14VKhUnJWSc3wU-edarqflySxjWyxc357uEOnSEPNLB8FcY1JipAW0cHM. Можни се и/или еднодневни дружења студенти-професори -студенти чии заклучоци во форма што ја предлагаме ќе бидат презентирани на Конференцијата.

Во согласност со програмата за работа и развој на УКЛО за периодот 2022-2023 https://uklo.edu.mk/programa-za-rabota-i-razvoj/, **главна цел на Универзитетската студентска конференција** е подобрување на степенот како на индивидуална така и на тимска работа, поврзување и размена на студентите помеѓу единиците, но и помеѓу универзитетите во државата и регионот.

Универзитетската студентската конференција за студентите од прв и втор циклус на студии ќе се одржи на **21 декември 2022 г**. во новите простории на **УКЛО СТУДЕНТСКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**, и ќе заврши со **ПРЕДНОВОГОДИШНА ЗАБАВА И ДРУЖЕЊЕ НА МЕНТОРИТЕ И НА СТУДЕНТИТЕ** (во театар, кино или музеј).

Во прилог на овој допис, препраќаме:

- Упатство за подготовка, техничка обработка на студентскиот труд, презентацијата и/или постерот за универзитетската студентска конференција
- Презентација (темплејт)
- Постер (темплејт)

Неопходно е сите единици на УКЛО да земат учество на овој значаен студентски настан.

Студентските трудови се доставуваат на адреса aleksandar.todorovski@uklo.edu.mk (за студенти од прв циклус) и bojan.mihajlovski@uklo.edu.mk (за студенти од втор циклус), најдоцна до 15 декември 2022 г.

**Проф. д-р Јасмина Буневска-Талевска,**
**Проректор за студентски работи**